РЕАКТОР
истражување во акција

Општина Струмица



# Жените во македонската економија

Проектот е финансиран од Европска унија и Фондацијата Институт отворено општество - Македонија

Проектот е имплементиран од „РЕАКТОР - истражување во акција“ во соработка со МЦЕО - Македонскиот центар за европско образование

# Жените во македонската економија

# Резултати од истражувањето на перцепциите на жените за родовата еднаквост во општина Струмица

Скопје, 2010

Издавач: Здружение на граѓани РЕАКТОР – Истражување во акција

Тираж: 100

Датум: Скопје, декември 2010

CIP: Каталогизација на публикација
Национална и Универзитетска Библиотека „Св. Климент Охридски“ – Скопје
342.722.(497.742)*2010*(047.31)
Резултати од истражувањето на перцепциите за родова еднаквост во Општина Струмица: жените во македонската економија – Скопје
Здружение на граѓани Реактор, 2011, 24 стр. : табела; 21 см

Фусноти кон текстот

ISBN: 978 – 608 – 65246 – 4 – 7

а) Родова еднаквост – Струмица (општина) – Истражувања
COBISS.MK-ID 86450698

Овој извештај е резултат од проектот Жените во економијата, финансиски поддржан од страна на Европската унија преку Инструментот за унапредување на демократијата и човековите права. За содржината на овој документ целосно е одговорен Реактор и не ги рефлектира позициите на Европската унија.

## Содржина:

**Предговор** ..... 6

**Демографија на примерокот** ..... 7

**Профил на жената од Струмица** ..... 7

**Перцепции за родовата еднаквост** ..... 9

Познавање на правата ..... 9

**Родовата еднаквост на работа** ..... 11

Жените и работата ..... 12

Улогата на родот во вработувањето ..... 13

Родовата еднаквост на раководните позиции ..... 14

Влијанието на домашните одговорности на жената ..... 16

Квалификации на жените ..... 17

Балансирање меѓу работата, приватниот и семејниот живот ..... 18

**Мерки за зголемување на вработеноста на жената** ..... 20

**Родовата еднаквост во иднина** ..... 21

# Предговор

Во овој извештај ги анализираме податоците од истражување спроведено во општина Струмица кое имаше за цел да ја измери перцепцијата за родовата еднаквост кај жените во Струмица во 2010, како и нивните перцепции за дискриминацијата на жените на пазарот на труд. Истражувањето беше дел од проектот „Жените во македонската економија“кој Реактор го спроведе во текот на 2010 година во четири општини: Тетово, Карпош, Струмица и Шуто Оризари. Проектот беше финансиски поддржан од страна на Европската комисија преку Инструментот за унапредување на демократијата и човековите права (European Instrument for Democracy and Human Rights – EIDHR) и Фондацијата Институт отворено општество – Македонија.

Извештајот ги презентира наодите во четири главни дела:

I. **Перцепции за родовата еднаквост**
Првиот дел од извештајот се обидува да ги оцени моменталните погледи на жените за постоење на родова нееднаквост, како и оценките за сопственото познавање на личните права .

II. **Родовата еднаквост на работа**
Вториот дел се осврнува на различни аспекти од животот кои можат да имаат влијание врз родовата еднаквост.

III. **Мерки за зголемување на вработеноста на жените**
Третиот дел е фокусиран на улогата која Република Македонија треба да ја преземе за да се зголеми родовата рамноправност преку избор на соодветни активни мерки.

IV. **Родовата еднаквост во иднина**
Четвртиот дел дава преглед на очекувањата на испитаничките за иднината на родовата еднаквост.

Извештајот ги разгледува одговорите на испитаничките од општина Струмица и истите ги споредува со резултатите од националната студија и со оние од Европската Унија[1]. Дополнително, податоците се анализирани и за да се утврдат евентуалните разлики меѓу испитаничките кои живеат во урбаниот и во руралните делови на општината. Исто така разгледани се и разликите според други социо-демографски фактори, како возраст, степен на образование, социјален статус, итн.

Податоците за истражувањето беа собрани по пат на теренското истражување во период од 23 јуни до 23 јули 2010, односно беа спроведени структурирани интервјуа од врата до врата во рандомизирани домаќинства. Теренското истражување беше спроведено и координирано од страна на РЕАКТОР – Истражување во акција во соработка со „Струма“.

Пристап до целосната дата база на истражувањето, како и копија од прашалникот е достапен по барање. Ве молиме вашите барања да ги упатите на е-пошта: info@reactor.org.mk или адреса: ул. „Апостол Гусларот“ бр.40, 1000 Скопје. Извештајот е достапен во електронска форма и на веб страната на Реактор: http://www.reactor.org.mk

*Би сакале да ја искористиме оваа прилика и да им се заблагодариме на испитаничките од општина Струмица кои одвоија од своето време за да учествуваат во ова истражување. Без нивно активно и искрено учество, оваа студија немаше да биде возможна.*

[1] Special Eurobarometer, Gender equality in the EU in 2009, февруари 2010, достапен на: http://ec.europa.eu/public_opinion/archives/ebs/ebs_326_en.pdf

# Демографија на примерокот

Податоците од општина Струмица се базираат на примерок од 400 жени, на возраст од 15 до 65 години. **Просечната возраст е 39,3 години. 270 или 67,5% од нив живеат во урбаниот дел од општината и** 130 или 32,5% во околните села.

Од нив **394 или 98.5% се Македонки**, 4 или 1% се Ромки и по една Албанка и една Турчинка.

Образовната структура на примерокот е следнава: 1 или 0,3% е без основно образование, 73 или 18,3% со основно образование, 256 **или 64% со средно образование**, 68 или 17% дипломирани, 2 или 0,5% магистри.

Статусот на пазарот на труд на испитаничките од општина Струмица е следен: 186 или **46,5% работат и се пријавени**, 78 или 19,5% работат непријавени, 136 или 34% не работат. Иако повеќе од половината од нашиот примерок се вработени, загрижувачки е податокот што повеќето од половината имаат проблеми со редовното плаќање на сметки најмалку од време на време. Поточно, 50 или 12,5% имаат пробелми секој месец, 197 или **49,3% имаат проблеми од време на време** и 153 или 38,3% никогаш немаат проблеми со плаќање на сметки.

Од нашите испитанички 24 или 6% се слободни, 43 или 10,8% се во врска, 312 или **78% се во брак**, 11 или 2,8% се разведени и 10 или 2,5% вдовици; 77 или 19,3% немаат деца, 92 или 23% имаат 1 дете, 192 или **48 % имаат 2 деца**, 38 или 9,5% се со 3 деца, 1 или 0,3% е со 4 деца. Просечен број на деца е 1,48.

# Профил на жената од Струмица

Просечната испитаничка од општина Струмица од нашето истражување е 39 годишна Македонка. Таа е вработена и пријавена жена која и покрај тоа од време на време има проблеми со редовно плаќање на сметките и која не би работела за под 15.100 денари месечно. Таа има завршено средно образование и живее во брак со две деца во урбаниот дел на општината.

## Ставови за позицијата на жената на пазарот на труд и односите во домаќинството

Нашата испитаничка од општина Струмица има амбивалентен став кога станува збор за загрозеноста на жената на пазарот на труд. Таа на пример, смета дека на жените им е еднакво тешко односно еднакво лесно да најдат работа колку и на мажите и ниту се согласува ниту не се согласува со ставот дека нема доволно работни места за жените. За неа не е прифатливо што има помалку вработени жени од мажи, но таа нема конкретно оформен став за овој проблем.

Нашата испитаничка во потполност се согласува и со ставот дека жените кои не работат **се изолирани од светот**, дека жената **мора да има свои лични примања** и воопшто не се согласува дека е нормално жените да бидат **помалку образовани од мажите,** ниту пак дека е **нормално мажите помалку да учествуваат во домашните обрски.**

Таа смета дека и **мајките и татковците треба да ја стават грижата за своите деца пред своите кариери**, дека **мажите што не работат треба да се грижат за децата и домаќинството** и воопшто не се согласува **дека доколку има деца и постари членови за кои некој треба да се грижи не се исплати мајката да работи**.

## Приоритетна мерка за подобрување на позицијата на жената на пазарот на труд

Нашата просечна испитаничка од општина Струмица смета дека зголемувањето на бројот на градинки и пензионерски центри, како и други слични институции за грижа на деца и стари заедно со подобрувањето на пристапот на жените до подобро платени работни места се најважни мерки кои треба да се превземат за да се зголеми бројот на вработени жени.

## Причини за неповолната ситуација на жената од општина Струмица на пазарот на труд

Нашата просечна испитаничка воопшто не се согласува со ставот дека **жените се помалку заинтересирани да бидат на одговорни и раководни функции** и дека тие не ги **поседуваат потребните квалитети и квалификации да заземат одговорни позиции**. Таа ниту се согласува ниту не се согласува дека **во бизнис секторот доминираат мажи кои немаат доволно доверба во жените**, но во потполност се согласува дека **жените имаат помала слобода поради семејните обврски и грижата за домаќинството**. Таа исто така воопшто не се согласува дека **жените се помалку заинтересирани од мажите да се борат да изградат своја кариера**.

## Поглед на иднината и веројатноста за промена на состојбата на жената за 20 години

Нашата испитаничка од општина Струмица верува дека за 20 години мажите и жените ќе заработуваат еднакво, но со доза на скептицизам. Таа исто така се колеба за прашањето дали мажите повеќе ќе се грижат околу домашните обврски и дали жените ќе бидат повеќе застапени во централната и локалната власт, но е малку пооптимистична по тоа прашање. Со малку поголема доза на оптимизам по прашањето дали ќе се зголеми бројот на жени на раководни позиции, нашата Стримичанка сепак верува дека веројатно за 20 години ќе имаме жена премиер или претседател.

## Запознаеност со правата на жените

Нашата испитаничка смета дека е делумно запознаена со правата што ја штитат од полова дискриминација, како и со правото на еднаква плата за мажи и жени, а е многу добро запознаена со правата за заштита на бремени работнички, за еднаков пристап до образование за мажи и жени и со правото на породилно отсуство.

## Ставови за состојбата на пазарот на труд / преферирани сектор

Нашата испитаничка од Струмица во идеални услови, кога би можела да избира, би сакала да работи во државна односно јавна администрација. Таа нема изграден конкретен став по прашањето дали мажите и жените имаат исти можности за успех односно дали мажите имаат повеќе можности од жените, бидејќи таа тежнее да се согласува и со двата става, во зависност од формулацијата на прашањето.

# Наоди од истражувањето

## Перцепција за родовата еднаквост

### *Жените немаат изграден став за тоа дали се дискриминирани*

Со цел да се измери перцепцијата на жената во врска со родовата нееднаквост, испитаничките беа прашани *„дали сметаат дека во животот имаат добиено исти можности за успех како и мажите“*. Бидејќи сакавме да се ослободиме од евентуалната наведувачка природа на ставот и тенденциите за согласување на испитаничките, прашањето беше формулирано на два начина. Така, 188 испитанички или 47% од вкупниот примерок беа прашани дали *„Можностите за успех се исти и за мажите и за жените“*, а останатите 212 или 53% одговараа дали се согласуваат со ставот *„Мажите секогаш имале повеќе можности за успех“*. За жал, од одговорите се утврди дека жените во Македонија немаат изграден став за тоа дали се дискриминирани бидејќи практично немаше разлика во одговорите во зависност од тоа како е формулирано прашањето.

| Мажите и жените имаат еднакви можности | | | | |
|---|---|---|---|---|
| се согласувам | делумно се согласувам | ниту се согласувам ниту не се согласувам | делумно не се согласувам | не се согласувам |
| **25,5%** | **15,4%** | **26,1%** | **14,9%** | **18,1%** |
| **Мажите имале повеќе можности** | | | | |
| се согласувам | делумно се согласувам | ниту се согласувам ниту не се согласувам | делумно не се согласувам | не се согласувам |
| **34,9%** | **12,7%** | **25,9%** | **15,1%** | **11,3%** |

Резултатите се контроверзни бидејќи испитаничките одговараат слично и по ставот *„можностите за успех се исти“* и по ставот *„мажите секогаш имале повеќе можности за успех“*. Додека 40,9 % од примерокот кој одговараше на првото прашање тежнее да се согласува дека можностите за успех се исти, 47,6 % од примерокот кој одговараше на второто прашање тежнее да се согласува дека мажите секогаш имале повеќе услови. Се работи за големи примероци од по околу 200 испитанички кои во никој случај на две толку различни формулации неможат случајно систематски да се разликуваат во ставовите. Се чини дека ова е класичен пример каде испитаничките немаат свој став и одговорите ја рефлектираат само нивната тенденција на согласување односно несогласување.

Социо-демографската анализа покажа дека финасиски постабилните повеќе се согласуваат дека можностите на жените и мажите се исти во споредба со оние со поголеми финансиски проблеми, како и жените од руралните средини во споредба со оние кои живеат во град.

Кај прашањето дали мажите секогаш имале повеќе услови за успех, разлики се јавуваат меѓу невработените жени кои се најсогласни и вработените кои се посогласни.

## Познавањето на своите права

### *Повеќето жени во општина Струмица сметаат дека си ги познаваат сопствените права, особено пообразованите, вработените, и оние од урбаниот дел на општината*

Овој дел од прашалникот се обиде да измери колку жените сметаат дека ги познаваат правата што гарантираат родова еднаквост. Прашањата гласеа *„До кој степен сте запознаени со правата на жената во следниве области“*:

## *„Полова дискриминација“*

Во Струмица 38,8% од жените сметаат дека се добро или многу добро запознаени со правата што ги штитат од полова дискриминација, при што 30% се делумно запознаени, а 31,3% се декларираат како незапознаени. Во споредба со ЕУ каде мнозинството жени сметаат дека се добро информирани (52%), можеби општина Струмица котира малкупониско, меѓутоа на ниво на нашето истражување општина Струмица е најсигурна во своите одговори. Испитаничките од оваа општина сметаат дека се позапознаени со своите права од останатите три општини, а особено од општина Тетово (f=0,39).

| Полова дискриминација | | | | |
|---|---|---|---|---|
| многу добро сум запознаена | добро сум запознаена | делумно сум запознаена | малку сум запознаена | воопшто не сум запознаена |
| **23,3%** | **15,5%** | **30%** | **15,3%** | **16%** |

Социо-демографската анализа утврди дека не постојат разлики во познавањето на правата според возраста на испитаничките. Што се однесува  до степенот на образование, не зачудува тоа што испитаничките се разликуваат во одговорите и се посигурни како се зголемува степенот на нивното образование.

Вработувањето исто така има влијание врз познавањето на правата. Така, вработените жени се значајно позапознаени од нивните сограѓанки. Разликите се од речиси среден практичен ефект f=0,24. Изненадувачки, жените кои пријавиле поголеми финансиски проблеми се изјаснуваат како значајно позапознаени со своите права кога станува збор за полова дискриминација.

Местото на живеење исто така ја детерминира сигурноста во одговарањето на испитаничките. Така, испитаничките кои живеат во градот пријавиле во просек далеку поголемо познавање од испитаничките кои живеат во руралните средини. Овие разлики беа од голем ефект d=1,01.

## *„Еднаква плата за мажи и жени“*

Сликата е слична кога станува збор за еднаква плата за мажи и жени. Така, 27,5% сметаат дека воопшто не се запознаени или малку се запознаени со правото на еднаква плата за мажите и жените, 31,8% се воздржани и 40,8% сметаат дека си ги познаваат своите права.

| Еднаква плата за мажи и жени | | | | |
|---|---|---|---|---|
| многу добро сум запознаена | добро сум запознаена | делумно сум запознаена | малку сум запознаена | воопшто не сум запознаена |
| **25,3%** | **15,5%** | **31,8%** | **17,8%** | **9,8%** |

Социо-демографската анализа повторно утврди дека главни разлики постојат меѓу испитаничките со различно ниво на образование, статус на пазарот на труд и местото на живеење. Слично како и претходното прашање, не постојат разлики меѓу испитаничките со различна возраст.

## *„Заштита на бремени работнички“*

| Заштита на бремени работнички | | | | |
|---|---|---|---|---|
| многу добро сум запознаена | добро сум запознаена | делумно сум запознаена | малку сум запознаена | воопшто не сум запознаена |
| **33,5%** | **17,5%** | **28%** | **12,5%** | **8,5%** |

Уште подобра слика имаме кај правата за заштита на бремените работнички, каде бројот на оние што не се запознаени се намалува, а на оние што се запознаени расте. Тука имаме 21% кои сметаат

дека не се запознаени со правата, 28% кои се воздржани, а преку половина од примерокот смета дека ги познава правата за заштита на бремените работнички.

Социо-демографската анализа го потврди трендот на постоење на разлики помеѓу пообразованите и помалку образованите, меѓу вработените и невработените, меѓу испитаничките со различна финансиска состојба (каде повторно посиромашните се поинформирани), како и меѓу жените од урбаните и руралните средини. Овде за првпат се јавува мала разлика во одговорите во зависност од возрастта, каде што најмладата група (од 15 до 25 години) нешто посигурна во одговорите од најстарата возрасна група (од 55 до 65 години).

### *„Породилно отсуство“*

| Породилно отсуство | | | | |
|---|---|---|---|---|
| многу добро сум запознаена | добро сум запознаена | делумно сум запознаена | малку сум запознаена | воопшто не сум запознаена |
| **35,3%** | **20%** | **26.3%** | **11,3%** | **7,3%** |

Трендот на зголемувањето на запознаеноста со правата продолжува со правото за породилно отсуство. Разликите се исти како во претходното прашање, а ова е право со кое Струмичанките се декларираат како најзапознаени.

### *„Еднаков пристап до образование за мажи и жени“*

| Еднаков пристап до образование за мажи и жени | | | | |
|---|---|---|---|---|
| многу добро сум запознаена | добро сум запознаена | делумно сум запознаена | малку сум запознаена | воопшто не сум запознаена |
| **33,8%** | **17,8%** | **27%** | **13,8%** | **7,8%** |

И тука најголемиот дел од испитаничките сметаат дека се добро запознаени кога станува збор за еднаков пристап до образование за жените и мажите. Сепак, скоро една третина од испитаничките се неодлучни и една петина не се запознаени со своите права. Поголемото познавање кај пообразованите, вработените, посиромашните и жителките од урбаните делови продолжува и по ова прашање.

## Родовата еднаквост на работа

### *Жените немаат мислење на оваа тема или тежнеат да сметаат дека им е малку потешко да најдат работа од мажите*

Имајќи предвид дека истражувањето се спроведуваше во рамки на проектот „Жените во економијата“, беа поставени две прашања со цел да се измери ставот на жената за тоа како ги оценува нејзините можностите за влез на пазарот на труд во споредба со мажот. Така, 188 жени или 47% од примерокот одговараа на прашањето „*колку сметате дека на жените им е потешко да најдат работа од мажите?*“, но бидејќи прашањето е наведувачко, останатата половина или 212 односно 53% од примерокот одговараа на прашањето „*колку сметате дека на жените им е полесно да најдат работа од мажите?*“

Мнозинството жени кои одговараа на првото прашање (56,4%) сметаат дека на жените им е потешко да најдат работа од мажите, секоја трета смета дека и е еднакво тешко, а 11,7% не се согласуваат дека на жените им е потешко да најдат работа. Спротивно, скоро половина од жените кои одговаа на втората формулација (48,1%) сметаат дека на жените им е полесно да

најдат работа, повторно речиси третина смета дека им е еднакво лесно и 23,6% не се согласуваат дека на жените им е е полесно да најдат работа

Оттука може да се заклучи дека иако има разлика во одговорите меѓу првото и второто прашање, ова покажува дека примерокот е лесно заводлив со различна формулација на прашањата или воопшто нема свое мислење.

| Колку сметате дека на жените им е потешко да најдат работа од мажите? | | | | |
|---|---|---|---|---|
| многу потешко | делумно потешко | малку потешко | еднакво тешко | воопшто не им е потешко |
| **25%** | **18,1%** | **13,3%** | **31,9%** | **11,7%** |
| **Колку сметате дека на жените им е полесно да најдат работа од мажите?** | | | | |
| многу полесно | делумно полесно | малку полесно | еднакво лесно | воопшто не им е полесно |
| **8%** | **20,8%** | **19,3%** | **28,3%** | **23,6%** |

За да направиме реална анализа ги поставивме сите одговори на еден континуум од многу потешко до многу полесно. При тоа, скоро по една третина сметаат дека им е еднакво тешко на жените да најдат работа (31,6%), другата третина (29,9) сметаат дека на жените им е полесно да најдат работа, а точно 40% сметаат дека на жените им е потешко да најдат работа.

Изненадувачки е дека социо-демографската анализа покажа дека нема разлики во одговорите по овие прашања ниту помеѓу испитаничките со различно образование, ниту меѓу испитаничките со различен статус на пазарот на труд, финансиска состојба, различно место за живеење или различна возраст.

## Жените и работата

*Мнозинството жени во Струмица сметаат дека жените кои не работат се изолирани од светот*

Речисидве третини од  од испитаничките (63,8%) од Струмица се согласуваат со изјавата дека жените кои не работат се изолирани од светот.Тоа е значајно повеќе ако се споредат одговорите со оние на ЕУ кои изнесуваат 49%. Уште позначајна разлика има меѓу оние кои не се согласуваат со изјавата: 17,5% кај нашиот примерок, споредено со 49% во ЕУ. Што се однесува до споредбата на национално ниво, Струмица заедно со Карпош спаѓа во општините кои во просек посилно се согласуваат со ставот дека жените кои не работат се изолирани од светот.

| Жените кои не работат се изолирани од светот | | | | |
|---|---|---|---|---|
| се согласувам | делумно се согласувам | ниту се согласувам ниту не се согласувам | делумно не се согласувам | не се согласувам |
| **42,5%** | **21,3%** | **18,8%** | **4%** | **13,5%** |

Социо-демографската анализа откри мали но, сепак значајни разлики единствено меѓу пријавените вработени и непријавените вработени, каде пријавените повеќе се согласуваат. Сите други индикатори беа без влијание врз начинот на одговарање на нашите испитанички

*Неопходно е за жените во Струмица да имаат свои лични примања*

| Жената мора да има свои лични примања | | | | |
|---|---|---|---|---|
| се согласувам | делумно се согласувам | ниту се согласувам ниту не се согласувам | делумно не се согласувам | не се согласувам |
| **67,5%** | **18,3%** | **10,3%** | **1,3%** | **2,8%** |

Втор став кој ја отсликува жената и вработувањето, а беше мерен во рамките на овој проект е неопходноста на жените да имаат свои лични примања. Жените во Струмица се прилично едногласни кога станува збор за нивните лични примања, дури 85,8% делумно или во потполност се согласуваат дека мора да имаат свои лични примања. Ваквите резултати се слични и на ниво на ЕУ каде 81% се согласуваат, наспроти 16% кои не се согласуваат. Процентот на жени од Струмица кои што не се согласуваат е значително помал, само 4,1%.

На национално ниво овие резултати се споредливи со оние од останатите општини. Тие се разликуваат само од општина Карпош која се издвојува со силно согласување со овој став. Иако скоро сите испитанички тежнеат кон согласување, социо-демографската анализа сепак утврди мали разлики во ставовите меѓу вработените и невработените испитанички, каде вработените очекувано повеќе се согласуваат со овој став.

Разлики има и меѓу испитаничките со различно образование, каде ставовите линеарно се менуваат во зависност од образованието: колку е повисоко образованието, толку повеќе испитаничките се согласуваат дека мора да имаат свои лични примања. И местото на живеење има свое влијание: испитаничките од урбаните средини повеќе се согласуваат со овој став од испитаничките кои живеат во руралните делови од општината.

Интересно е дека оние со поголеми финасиски проблеми помалку се согласуваат со ставот дека жената мора да има свои лични примања од оние кои немаат такви проблеми. Сепак, и оние во најлоша финансиска состојба во просек се согласуваат дека жената мора да има сопствени приходи.

## Улогата на родот во вработувањето

Имајќи предвид дека скоро сите жени во Македонија сметаат дека мораат да имаат свои лични примања, важно е да се разберат перцепциите за улогата на родот во вработувањето. Затоа, следниот дел од извештајот ги презентира одговорите на испитаничките за ставовите кои се однесуваат на податокот дека во просек жените во Македонија се помалку вработени од мажите.

### *Мнозинството жени во Струмица сметаат дека не е прифатливо да има помалку вработени жени од мажи, меѓутоа не сметаат дека тоа е проблем*

Половина од испитаничките односно 188 жени (47% од примерокот) беа прашани дали е „*прифатливо да има помалку вработени жени од вработени мажи*“ додека останатите 212 или 53% одговораа на прашањето „*сметам дека е проблем што има помалку вработени жени од вработени мажи*“. Интересно е дека додека испитаничките јасно не се согласуваа со ставот дека е прифатливо да се помалку вработени од мажите, гледаме целосно поделени мислења по ставот дали фактичката помала вработеност на жените е проблем. Додека 59% не прифаќаат помала невработеност, мислењата се буквално еднакво поделени меѓу согласување и несогласување кога се прашува дали е тоа проблем.

| Прифатливо е да има помалку вработени жени од вработени мажи | | | | |
|---|---|---|---|---|
| се согласувам | делумно се согласувам | ниту се согласувам ниту не се согласувам | делумно не се согласувам | не се согласувам |
| **13,3%** | **9%** | **18,6%** | **17%** | **42%** |

| Сметам дека е проблем што има помалку вработени жени од вработени мажи | | | | |
|---|---|---|---|---|
| се согласувам | делумно се согласувам | ниту се согласувам ниту не се согласувам | делумно не се согласувам | не се согласувам |
| **25,5%** | **14,6%** | **23,6%** | **10,4%** | **25,9%** |

Во споредба со другите општини Струмица е во групата која повеќе ја прифаќа невработеноста на жените и која помалку смета дека тоа е проблем, меѓутоа тие разлики се мали. За разлика од тоа, во ЕУ на прашањето дали според нив е нормално жените да работат помалку од мажите, повеќе од половина (53%) не се согласуваат дека е нормално, меѓутоа дури 44% се согласуваат дека е нормално.

Социо-демографската анализа посочува дека Струмичанки по овие ставови се едногласни, односно дека разните подгрупи не се разликуваат во одговорите ниту по возраст, ниту по образование, ниту по место на живеење ниту пак по статусот на пазарот на труд. Единствена разлика беше забележана меѓу испитаничките со различна финансиска состојба, односно посиромашните почесто се согласуваат од побогатите дека помалиот број на вработени жени е проблем.

### *Струмичанки не ја препознаваат дискриминацијата на жената на пазарот на труд*

И покрај тоа што бројот на вработени жени во Македонија е значително помал од бројот на вработени мажи, цели 43,5% од жените не сметаат дека „*нема доволен број на работни места за жените*“:

| Нема доволен број на работни места за жените | | | | |
|---|---|---|---|---|
| се согласувам | делумно се согласувам | ниту се согласувам ниту не се согласувам | делумно не се согласувам | не се согласувам |
| **22%** | **21,5%** | **27,5%** | **9,8%** | **19,3%** |

Дополнително, дури 27,5% од жените ниту се согласуваат, ниту не се согласуваат со овој став, а само 29,1% се согласуваат. За споредба, иако стапката на вработеност на жените во ЕУ е значително поголема од онаа во Македонија, прашани дали бројот на вработени жени (во нивната држава) е премал, 46% од жените во ЕУ се согласуваат, додека 45% не се согласуваат.

И покрај големите разлики со ЕУ, Струмичанки со своите ставови по ова прашања се некаде во средината споредено со останатите општини, позагрижени од испитаничките од Карпош, а помалку загрижени од испитаничките од Шуто Оризари кои најмногу се согласуваат. Овие разлики се сепак од мал ефектf=0,16.

Во Струмица освен финансиската состојба на испитаничките (независно од нивниот статус на пазарот на труд) ниеден друг социо-демографски индикатор не влијае врз начинот на одговарање на испитаничките. Имено, оние со помали финансиски проблеми (независно од тоа дали се вработени или не) помалку сметаат дека постои недостаток од работни места за жените, додека образованието, возраста и местото на живеење исто како и статусот на пазарот на труд не влијаат врз одговорите.

Стилот на одговори на ова прашање е доста сличен со одговорите на претходното прашање каде невработеноста на жените беше оценувана како проблем или не. Се чини дека Струмичанки не сметаат дека невработеноста на жените постои и со тоа истата не претставува проблем.

## Родовата еднаквост на раководните позиции

### *Струмичанки не сметаат дека нема заинтересираност за одговорни и раководни позиции*

Мнозинството од жените во Струмица (52%) не се согласуваат со ставот „*жените се помалку заинтересирани да бидат на одговорни и раководни функции*“.Само една петина од Струмичанки

сметаат дека жените не се заинтересирани. Ова сугерира дека жените од Струмица сметаат дека ситуацијата со малиот број на жени на раководни позиции неможе да се препише на изборот што го прават жените. Уште посигурни, со повеќе од две третини, се Европјанките кои со високи 66% не се согласуваат со овој став. Споредено со другите општини, одговорите на Струмица се слични на другите општини и се разликуваат само од одговорите во Карпош, каде несогласувањето е уште поизразено.

| Жените се помалку заинтересирани да бидат на одговорни и раководни функции | | | | |
|---|---|---|---|---|
| се согласувам | делумно се согласувам | ниту се согласувам ниту не се согласувам | делумно не се согласувам | не се согласувам |
| **8,5%** | **13,5%** | **27%** | **29,5%** | **21,5%** |

Социо-демографската анализа покажа разлики меѓу двете крајни групи, односно посилно несогласување на оние со завршен факултет од оние со завршено основно образование. Тука треба да се напомене дека во Струмица бројот на оние без завршено основно образование и оние со завршени постдипломски студии е премал (имаме само по 1 односно 2 испитанички во групите) и затоа овие испитанички не влегуваат во анализата за разликите меѓу различните образовни структури.

Додека статусот на пазарот на труд не покажа разлики во одговорите, различната финансиска состојба и образованието имаа влијание врз начинот на одговарање. Оние со поголеми финансиски потешкотии се посогласни со овој став од оние кои немаат такви проблеми и високото образование доведува до поголемо несогласување со ставот.

### *Испитаничките од Струмица не се согласуваат дека жените се понезаинтересирани за кариера од мажите*

Сличен тренд на одговори имаме и по прашањето дали жените *се помалку заинтересирани од мажите да се борат за да изградат своја кариера.* Околу половина од испитаничките не се согласуваат со ставот (49,3%), додека нешто повеќе од четвртина (28,3%) се согласуваат дека жените се помалку заинтересирани за градење на кариера. Бројките на несогласување се споредливи со оние на ЕУ, каде една третина (33%) не се согласува, но значително мнозинство (64%) таму не се согласува со овој став, додека само 3% неможат да се решат споредено со 24,5% од Струмичанките. Што се однесува до споредбата на национално ниво, Струмица е општина во која во просек жените помалку се согласуват со овој став од другите општини, а само Карпош е уште понесогласна од Струмица.

| Жените се помалку заинтересирани од мажите да се борат за да изградат кариера | | | | |
|---|---|---|---|---|
| се согласувам | делумно се согласувам | ниту се согласувам ниту не се согласувам | делумно не се согласувам | не се согласувам |
| **14,8%** | **13,5%** | **24,5%** | **13,8%** | **33,5%** |

Социо-демографската анализа утврди разлики единствено меѓу жените со различна финансиска ситуација, каде оние со најмалку финансиски проблеми помалку се согласуваат од оние со повремени проблеми, а најамбивалентни во одговорите се оние со чести финансиски потешкотии. Разликите се од мал кон среден ефект f=0,18.

Разлики се покажаа и помеѓу оние со завршено високо образование и испитаничките со средно образование, разлики од помал ефект f=0,15. Оние со високо образование очекувано помалку се согласуваат со овој став од оние со средно, меѓутоа испитаничките со основно исто така помалку се согласуваат од испитаничките со завршено средно. Други социо-демографски индикатори повторно немаа влијание врз одговорите.

## Влијанието на домашните одговорности на жената

Додека претходните две теми се однесуваа на желбата на жената и можностите да се бори за одговорни и раководни позиции, во овој дел од извештајот ќе се осврнеме на влијанието на домашните одговорности на жената. Жените сé уште превземаат поголем дел од домашните одговорности за грижа на децата и постарите, па затоа истражувањето се потруди да го измери влијанието на ваквата поделба на трудот во семејствата врз слободите на жената да бара повисоки работни позиции надвор од домот.

### *Две третини од жените сметаат дека домашните задолженија им ја скратуваат слободата*

Значителен број жени (60,8%) се согласуваат со ставот „*жените имаат помала слобода поради семејните обврски и грижата за домаќинството*", каде дури 42% во потполност се согласуваат. Скоро една четвртина од испитаничките сепак не се согласува со овој став (24,1%), а 15,3% испитанички не се во состојба да формираат став по ова прашање. На ниво на ЕУ, повторно споредлив процентот на несогласување (22%), но таму дури 76% се согласуваат со овој став, а само 2% не се во можност да формираат став.

| Жените имаат помала слобода поради семејните обврски и грижата за домаќинството | | | | |
|---|---|---|---|---|
| се согласувам | делумно се согласувам | ниту се согласувам ниту не се согласувам | делумно не се согласувам | не се согласувам |
| **42%** | **18,8%** | **15,3%** | **9,3%** | **14,8%** |

На ниво на општини, Струмичанки се разликуваат само од Шуто Оризари, општина која силно се согласува со овој став.

Социо-демографската анализа покажа дека непријавените вработени жени најмалку се согласуваат со овој став т.е. се најнеодлучни. Пријавените и невработените во просек тежнеат кон согласување. Разликите се со мал ефект f=0,15.

Ниту еден друг индикатор не влијае врз одговорите на Струмичанки по ова прашање.

### *Повеќе од половина жени сметаат дека мажите се оние кои не им даваат можност за унапредување*

Друг аспект, кој може да влијае на непропорционалната застапеност на мажите на раководни позиции се самите мажи на раководни позиции. Се чини дека жените во Македонија го делат ова мислење бидејќи повеќе од половина (52,5%) се согласуваат дека „*во бизнис секторот доминираат мажи кои немаат доволно доверба во жените*", каде секоја четврта Струмичанка (25,5%) во потполност се согласува со овој став. Само 15,1% не се согласуваат дека во бизнис секторот мажите немаат доверба во жените, но речиси третина од испитаничките (32,5%) немаат изграден став.

| Во бизнис секторот доминираат мажи кои немаат доволно доверба во жените | | | | |
|---|---|---|---|---|
| се согласувам | делумно се согласувам | ниту се согласувам ниту не се согласувам | делумно не се согласувам | не се согласувам |
| **25,5%** | **27%** | **32,5%** | **4,3%** | **10,8%** |

Овој став е уште поизразен на ниво на ЕУ, каде скоро три четвртини (74%) се согласуваат, само 21% не се согласуваат и 5% немаат изграден став. Во споредба со другите општини, одговорите на Струмичанки повторно се разликуваат единствено со одговорите на испитаничките од Шуто Оризари кои се единствена општина која не тежнее кон согласување.

Социо-демографската анализа не утврди разлики во одговорите според возраста на испитаничките, нивната финансиска моќ или нивниот статус на пазарот на труд. Испитаничките не се разликуваат во одговорите ниту според завршеното образование.

## Квалификациите на жените

Друг фактор кој е од големо значење и влијае на идното вработување се квалификациите со кои располагаат жените. Затоа, овој дел од извештајот ќе ги презентира ставовите на жените кога станува збор за нивните квалификации и способности.

### *Жените не се согласуваат дека не ги поседуваат потребните квалитети и квалификации за раководни позиции*

Видовме дека мнозинството жени сметаат дека бизнис секторот е доминиран од мажи кои немаат доверба во жените. Дали е тоа поради недостигот на потребни кавалификации и квалитети? Повеќе од две третини (67,8%) од испитаничките во Струмица не се согласуваат со ставот дека „*жените не ги поседуваат потребните квалитети и квалификации да држат одговорни позиции*" и сметаат дека тие треба да уживаат исто ниво на доверба како и мажите. Само 10,1% се согласуваат со овој став, а остантите 14,5% немаат изградено мислење. Сличен тренд има и на ниво на ЕУ каде 71% не се согласуваат дека жените не поседуваат потребни квалитети и квалификации.

| Жените не ги поседуваат потребните квалитети и квалификации да заземат одговорни позиции | | | | |
|---|---|---|---|---|
| се согласувам | делумно се согласувам | ниту се согласувам ниту не се согласувам | делумно не се согласувам | не се согласувам |
| **6,3%** | **6,8%** | **19,3%** | **18,8%** | **49%** |

Интересно е дека на ниво на нашето национално истражување и покрај големото несогласување, Струмица заедно со Шуто Оризари е една од општините кои поумерено не се согласуваат со овој став од, на пример Тетово, а особено Карпош (f=0,21).

Иако во проесек сите групи на испитанички не се согласуваат со претпоставена инфериорност во квалитети спредено со мажите, сепак социо-демографската анализа откри разлики во начинот на одговарање по скоро сите индикатори. Така, најстарите, невработените, оние со најголеми финансиски проблеми и со пониско образование (без завршен факултет) се понесигруни во сопствените квалитети од своите помлади, вработени, високо образовани и финансиски посигурни сограѓанки. Испитаничките од руралните средини и испитаничките од градот Струмица не се разликуваа во одговорите по ова прашање.

### *Жените силно не се согласуваат дека се помалку образовани во споредба со мажите*

И конкретно, прашани дали е „*нормално жените да бидат помалку образовани во споредба со мажите*" испитаничките силно не се согласуваат (76,1%), само 14,8% се согласуваат, а 9,3% немаат формирано став. Споредено со другите општини, Струмица (заедно со Тетово) е во групата која иако во просек силно се согласува со овој став, сепак тоа го прави поумерено од другите општини.

| Нормално е жените да бидат помалку образовани во споредба со мажите | | | | |
|---|---|---|---|---|
| се согласувам | делумно се согласувам | ниту се согласувам ниту не се согласувам | делумно не се согласувам | не се согласувам |
| **8,5%** | **6,3%** | **9,3%** | **8,8%** | **67,3%** |

Социо-демографската анализа покажа разлики во одговорите помеѓу испитаничките со различна финансиска состојба каде оние со најмалку финансиски проблеми најсилно се согласуваа со овој став. Се појавија разлики и меѓу две возрасни групи, групата од 25 до 35 како група која најсилно се согласува со овој став, наспроти најстарата група од 55 до 65 како група која иако во просек се согласува, тоа го прави највоздржано. Разликите се сепак мали.

По другите индикатори немаше разлики меѓу испитаничките, а испитаничките со различно образование одговараа слично кога станува збор за образованието. Нема разлики ниту во одговорите во зависност од статусот на испитаничките на пазарот за труд, ниту по нивното место на живеење.

## Балансирање меѓу работата, приватниот и семејниот живот

Кога ги анализиравме причините за тоа зошто жените не се доволно застапени на одговорни позиции во економијата и зошто стапката на неактивност е висока, утврдивме дека жените во Струмица веруваат дека имаат поголеми ограничувања поради нивните семејни/домашни обврски. Ова мислење е распространето во сите социо-демографски категории.

За да се обидеме да го разбереме ова, ги разгледавме различните аспекти на тешкотијата да се балансира меѓу работата, приватниот и семејниот живот.

### *Жените во Струмица не се согласуваат дека не се исплати жената да работи доколку има деца и постари членови за кои треба некој да се грижи*

Мнозинството на жени во Струмица (53,3%) не се согласуваат со ставот дека не се исплати жената да работи доколку има деца и постари членови за кои треба некој да се грижи. Од испитаничките една четвртина сепак се согласува со ставот, а 21,3% останале воздржани.

Овој стил на одговори ја става Струмица (заедно со општина Карпош) во спротивставени ставови со општина Шуто Оризари каде испитаничките тежнеат да се согласуваат со овој став и општина Тетово, каде испитаничките во просек имаат неодреден став (f= 0,36).

| **Доколку во семејството има деца или постари членови за кои треба некој да се грижи, не се исплати мајката да работи** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **се согласувам** | делумно се согласувам | ниту се согласувам ниту не се согласувам | делумно не се согласувам | не се согласувам |
| **12%** | **13,5%** | **21,3%** | **13,3%** | **40%** |

Социо-демографската анализа покажа значајни разлики помеѓу испитаничките со различна финансиска состојба. Овие разлики кои се од среден ефект се движат во очекуван правец, па оние кои никогаш немаат проблем со плаќање на сметките со поголема тенденција да не се согласуваат споредено со оние кои секој месец имаат проблем со плаќање на сметките, кои во просек имаат амбивалентни, односно воздржани ставови. Од нив цели 46% се согласуваат дека не се исплати да работат, споредено со само 17% од нивните финансиски постабилни сограѓанки.

Мали разлики постојат и во зависност од местото на живеење на испитаничките во општина Струмца. Жените од руралните средини помалку се согласуваат дека не се исплати да работат отколку жените од градот.

Кај возрасните групи интересно е дека најнесогласни се испитаничките од 36 од 45 години, кои заедно со следната возрасна група (46 до 55) значајно се разликуваат од најстарите испитанички (од 56 до 65) кои се со крајно разделени мислења и во просек воздржани.

Ниту еден друг индикатор не се покажа како влијателен врз одговорите на испитаничките по овој став. Ниту испитаничките со различно образование, ниту оние со различен статус на пазарот на труд не се разликуваа во своите одговори по ова прашање.

### *Жените сметаат дека родителите треба првенствено да се грижат за своите деца, а потоа за својата кариера*

Следното прашање го разгледува балансот меѓу кариерата и родителството во зависност од полот на родителот. Иако посакуваат еднаквост на жената на работа, дури три четвртини (73,8%) од испитаинчките од Струмица сметаат дека „*секоја мајка треба да ја стави грижата за своите деца пред својата кариера*“. Сепак, тие имаат слични очекувања и од таткото. Ако прашањето гласи „*секој татко треба да ја стави грижата за своите деца пред својата кариера*“, 73,4% од жените сметаат дека татковците треба да ги стават своите кариери на второ место. Иако кога станува збор за таткото имаме помал процент на жени кои во потполност се согласуват со ставот (42,4% за секој татко наспроти 54% за секоја мајка), сепак во просек разликите се занемарливи.

Интересно е дека социо-демографската анализа утврди дека додека не постојат разлики во одговорите по ниту еден индокатор кога е во прашање таткото, кога станува збор за мајката жените со завршен факултет отскокнуваат со својата прилична воздржаност по овој став.

### *Жените од Струмица едногласни дека мажите кои не работат треба да се грижат за децата и домаќинството*

Во продолжение со прашањата за балансот меѓу кариерата и родителството ги разгледавме и улогите кои мажите можат да ги имаат во надминување на потенцијалните конфликти меѓу семејниот живот и работата. Затоа, следното прашање го тестира ставот на жените за тоа „*дали оние мажи кои не работат треба да се грижат за децата и домаќинството*“. Жените во Струмица силно се согласуваат со овој став (71% од испитаничките, од кои околу половина во потполност се согласуваат). Само 10,8% не се согласуваат, а 17,3% немаат изградено став по ова прашање. За споредба, на малку порадикално прашање поставено во евробарометарот, Европјанките со 48% се согласни дека мажите треба да дадат отказ и да се грижат за децата доколку заработуваат помалку од жената.

| **Мажите кои не работат треба да се грижат за децата и домаќинството** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| се согласувам | делумно се согласувам | ниту се согласувам ниту не се согласувам | делумно не се согласувам | не се согласувам |
| **47,8%** | **24,3%** | **17,3%** | **3,3%** | **7,5%** |

Во споредба со останатите општини од Македонија, Струмица не отскокнува во одговорите и се разликува единствено од Шуто Оризари, општина во која испитаничките малку се разликуваат во начинот на одговарање на ова прашање.

Социо-демографската анализа покажа дека Струмичанки се едногласни во своето согласување со овој став, разлики во одговорите не постоеа по ниту еден индикатор.

*Повеќето жени сметаат дека не е нормално мажите помалку да учествуваат во домашните обврски, меѓутоа се уште за една третина од испитанички тоа е нормално*

Еднаквоста на жените не само на работа, туку и дома е од суштинско значење за постигнување на балансот меѓу работата и семејниот, односно приватниот живот. Затоа, следното прашање ги мери мислењата на жените околу ставот дали е „*нормално мажите помалку да учествуваат во домашните обврски*“. Речиси половина жени (45,3%) не се согласуваат со овој став, каде една третина (34,3%) во потполност не се согласува. Сепак една третина (33,3%) се согласува дека е нормално мажите да учествуваат помалку во домашните обрски и цели 21,5% немаат изграден став. Ваквата поделеност на мислењата на испитаничките ја става Струмица некаде на средината помеѓу Карпош и Тетово кои силно не се согласуваат со овој став и Шуто Оризари, кои исто како Струмица тежнеат кон средината, но за разлика од Струмица имаат склоност кон согласување со овој став. Разликите меѓу одговорите во различните општини се од среден ефект f=0,31.

| Нормално е мажите помалку да учествуваат во домашните обврски | | | | |
|---|---|---|---|---|
| се согласувам | делумно се согласувам | ниту се согласувам ниту не се согласувам | делумно не се согласувам | не се согласувам |
| **21%** | **12,3%** | **21,5%** | **11%** | **34,3%** |

Европската унија е дури по разединета по ова прашање. И таму 50% не сметаат дека е нормално, а за 48% е многу нормално. Само 2% немаат став.

Од друга страна, социо-демографската анализа утврди разлики помеѓу одговорите на испитаничките од руралните и урбаните места на живеење, каде испитаничките од руралните средини во просек имаат амбивалентни ставови и се склони кон согласување, додека испитаничките од градот во просек тежнеат да не се согласуваат.

Разлики се појавија и по однос на статусот на пазарот на труд, каде што очекувано вработените испитанички далеку понесогласни по овој став.

Интересни разлики се покажаа и во возрасните групи, каде групата од 46 до 55 години беше изненадувачки најнесогласна од сите групи, а најмлада група (16 до 25) најсогласна дека е нормално мажите помалку да учествуваат во домашните работи. Речиси третина од оваа група (31,5%) во потполност се согласуваат дека е нормално мажите помалку да учествуваат во домашните работи.

Анализата на варианса (или анализата на дисперзија) не покажа разлики во средните вредности на групите со различна финансиска состојба, меѓутоа chi square тестот укажува на тенденција на финансиски подобро стоечките помалку да се согласуваат со оваа изјава. Изненадувачки, образованието не влијае врз начинот на којшто одговараат Струмичанки. И пообразованите и помалку образованите имаат слични ставови по прашањето дали е нормално мажите помалку да учествуваат во домашните обрски.

## Мерки за зголемување на вработеноста на жените

*Дневни институции за грижа на деца и постари лица најприоритетни*

Овој дел од прашалникот имаше за цел да одговори на прашањето на која мерка за зголемување на бројот на вработени жени треба да и се даде приоритет, со тоа што беа дадени неколку опции од кои требаше да се избере само една. Дополнително на формулираните мерки, прашањето даваше можност жените сами да предложат мерка, или пак да изберат дека воопшто нема потреба да се зголеми бројот на вработени жени. На ова прашање најголем број Стрмичанки

одговориле дека зголемувањето на бројот на градинки и пензионерски центри треба да биде приоритетна мерка за зголемувањето, следено од воведување на флексибилни работни саати и подобрување на пристапот на жените до подобро платени работни места (бројот на жени кои ги бираат овие три мерки иако различен; статистички не се разликува меѓу себе).

Социо-екомските фактори допринесуваат за мали разлики во одговорите меѓу различните подгрупи, со тоа што разлики постојат врз основа на степенот на образование, местото на живеење и возраста, а изненадувачки не постојат по основа на статусот на пазарот за труд и на бројот на деца. Пообразованите, почесто од необразованите ја бираат мерката „*подобрување на пристап до сектори во кои жената е помалку застапена*“, жените од село побројно ги бираат градинките, а жените на возраст од 46 до 55 години значајно почесто ја преферираат мерката воведување на флексибилни работни саати. Мерката за отворање градинки и пензионерски центри останува чест избор кај сите подгрупи по сите индикатори.

| Мерки за зголемување на бројот на вработени жени | | |
|---|---|---|
| 1 | **Зголемување на бројот на градинки и пензионерски центри, како и други слични институции за грижа на деца и стари** | 23% |
| 2 | Подобрување на пристапот на жените до подобро платени работни места | 22% |
| 3 | Воведување на флексибилни работни саати | 19,8% |
| 4 | Друго | 17,5% |
| 5 | Унапредување на пристапот на жените до сектори во кои не се застапени | 11% |
| 6 | Намалување на разликите во плати со мажите за исти работни места и исти квалификации | 6% |
| 7 | Не е приоритетно да се зголеми бројот на вработени жени | 0,8% |

Најинтересно во изборот на жените од Струмица (и воопшто од Македонија) е тоа што најзанемарена мерка е намалувањето на разликите во платите на мажите и жените за исти работни места и исти квалификации. За разлика од ЕУ, каде разликите во плати за исти позиции меѓу мажите и жените е еден од главните аргументи во борбата против дискриминација и очекувано приоритетна мерка бирана во евробарометарот, во Македонија овие разлики ниту се истражувани, ниту се дискутирани. Не е чудно што незначаен дел од испитаничките (околу 6%), ја бираа оваа мерка како приоритетна.

## Родовата еднаквост во иднина

### *Жените оптимистки во поглед на иднината, освен за промени во приватна сфера*

Последниот сет на прашања имаше за цел да ги испита очекувањата на жените за иднината, т.е. нивните ставови за тоа колку состојбата на жената ќе се подобри за 20 години. Беа поставени пет прашања, од кои четири се однесуваа на јавната сфера (еднакви примања, застапеност на раководни позиции, застапеност во централна и локална власт, жена премиер или претседател), а едно на приватната сфера (учеството на мажите во домашните обврски). За разлика од ЕУ примерокот, каде скептичноста е најголема во однос на постигнувањето на еднакви примања до

2030, во Струмица жените се најскептични кога станува збор за учеството на мажите во домашните обврски.

## *Најголем оптимизам за можна премиерка или претседателка на држава*

Со 69,3% од Струмичанки кои веруваат дека веројатно *„во 2030 имаме жена премиер или претседател“*, кај ова прашање забележуваме најголем оптимизам. Соодветно, и процентот на скептици е најмал по ова прашање: само 10% сметаат дека веројатно тоа нема да се случи.

| Во 2030 ќе имаме жена премиер или претседател | | | | |
|---|---|---|---|---|
| најверојатно да | поверојатно да | не знам | поверојатно не | најверојатно не |
| **38,8%** | **30,5%** | **20,8%** | **5,5%** | **4,5%** |

По ова прашање Струмичанки се едногласни и испитаничките не се разликуваат во својот оптимизам ниту по образование, статус на пазар на труд, финансиска состојба, возраст или пак место на живеење.

## *Две третини од жените очекуваат зголемен број на жени на раководни позиции во 2030*

66,8% од Струмичанки сметаат дека до 2030 бројот на жени на менаџерски позиции ќе се зголеми. Од нив повеќето се дипломирани, вработени и пријавени. Другите индикатори не влијаат врз одговорите на испитаничките.

| Во 2030 ќе се зголеми бројот на жени на раководни позиции | | | | |
|---|---|---|---|---|
| најверојатно да | поверојатно да | не знам | поверојатно не | најверојатно не |
| **34,5%** | **32,3%** | **22,8%** | **6,8%** | **3,8%** |

## *Речиси две третини од жените очекуваат поголема застапеност во централната и локалната власт до 2030*

Слично како и кај еднаквите примања, и тука примерокот е оптимистички настроен, единствено интересно што Струмичанки сметаат дека е поверојатно да имаме премиерка или претседателка на држава отколку поголема застапеност на жените во централната и локалната власт. Сепак оптимизмот е голем и по двете прашања, овде 58,5% од испитаничките сметаат дека зголемената застапеност на жените е веројатна.

| Во 2030 жените ќе бидат позастапени во централната и локалната власт | | | | |
|---|---|---|---|---|
| најверојатно да | поверојатно да | не знам | поверојатно не | најверојатно не |
| **27,5%** | **31%** | **29,5%** | **5,5%** | **6,5%** |

Исто така интересно е дека по ова прашање не е толку зголемен бројот на скептични испитанички (оние кои сметаат дека ваквите промени се неверојатни) отколку воздржани испитанички. Речиси цела третина 29,5%, се изјасниле без став по ова прашање.

Социо-демографската анализа идентификуваше дека понеобразованите (оние со завршено основно образование) и руралните жени се поскептични зо овие промени од пообразованите испитанички и од оние што живеат во град.

### *Оптимизмот опаѓа кога станува збор за еднакви плати во иднина*

Слично како и жените во Европската унија, една од две жени се согласува со изјавата дека „*Во 2030 мажите и жените ќе заработуваат еднакво*“. Така, 50,8% од жените сметаат дека дваесет години се доволни за да се елиминира родовата разлика во платите. Европјанките сепак се доста поскептични по ова прашање, па во ЕУ дури 41% од жените не веруваат дека тоа ќе се случи, споредено со 23,4% од жените во Струмица. Бројот на неодлучни и кај ова прашање покажува големи разлики меѓу европскиот и македонскиот примерок: во Македонија неодлучни дури 26% споредено со 9% неодлучност во ЕУ. Ова е важно да се земе предвид, поради тоа што и покрај тоа што имаме висок процент на согласување, големиот удел на неодлучените влијаат на речиси амбивалентниот просек по ова прашање на Струмичанки.

| Во 2030 мажите и жените ќе заработуваат еднакво | | | | |
|---|---|---|---|---|
| најверојатно да | поверојатно да | не знам | поверојатно не | најверојатно не |
| **26%** | **24,8%** | **26%** | **9,5%** | **13,8%** |

По ова прашање се разликуваат испитаничките со завршено основно и оние со завршен факултет: дипломираните Струмичанки значајно пооптимистки за постигнувањето на еднакви плати.

### *Скептичноста најголема за промени во приватната сфера*

Како што беше споменато погоре, примерокот покажа најголема скептичност во очекувањата за поголемото учество на мажите во домашните обврски. Само 38,6% од испитаничките веруваат дека за дваесеттина години мажите ќе учествуваат повеќе во домашните обрски, високи 37,3% не веруваат во тоа, а 26% остануваат воздржани. Во Европската унија скептицизмот е помал (34% наспроти 58% кои очекуваат промена).

| Во 2030 мажите повеќе ќе учествуваат во домашните активности | | | | |
|---|---|---|---|---|
| најверојатно да | поверојатно да | не знам | поверојатно не | најверојатно не |
| **16,3%** | **22,3%** | **24,3%** | **14,5%** | **22,8%** |

Ако се земат предвид социо-економските фактори, разлики постојат по однос на местото на живеење и брачниот статус. По ова прашање жените од урбаните средини се повторно пооптимистки од испитаничките од руралните, а разведените жени се изјаснуваат како далеку поскептични за улогата на мажот за 20 години од сите други испитанички.

Анализата на одговорите на сите прашања од оваа група укажува дека Струмичанки веруваат дека за 20 години поверојатно е да имаме зголемен број на раководителки, жените да заработуваат еднакво со мажите, да имаме повеќе жени застапени во власта па дури и претседателка односно премиерка, отколку мажите повеќе да учествуваат во домашните обрски! Ова укажува на голем скептицизам за промени во приватната сфера, т.е. за сопствената моќ на жените да влијаат на менувањето на традиционалните улоги во домот.